РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП.I.Бр. 18-155/
19 10 16 .2016 година
Скопје

Врз основа на член 35 од Законот за градежните производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 104/15, 192/15 и 53/16), член 87 и член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015), постапувајќи по барањето на ГИМ Сертификација, Градежен институт „Македонија" - Скопје, министерот за економија донесе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ТЕЛО ЗА ОЦЕНА И ПОТВРДА НА ПОСТОЈАНОСТ НА СВОЈСТВАТА

1. СЕ ИМЕНУВА ГИМ Сертификација, Градежен институт „Македонија" - Скопје за вршење на дејноста на оцена и потврда на постојаност на својствата на градежните производи, односно сертификација на градежните производи, почетна контрола на производниот погон и системот на фабричка контрола (FPC), континуиран надзор, оцена и евалуација на системот на фабричка контрола (FPC), контролно тестирање на примероци земени од производниот погон или на објекти за складирање на производи, систем (1+) за потребите на сертификација, за градежните производи:

- цемент,
- бетон,
- ѕидарски малтер,
- производи и систем за заштита и поправка на бетонски конструкции,
- битуменски мешавини,
- агрегати,
- ѕидарски единици,
- адитиви за бетон,
- челик.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

ГИМ Сертификација, Градежен институт „Македонија“ - Скопје, со седиште ул.Дрезденска бр.52 - Скопје, застапувано од Михо Јаневски, Претседател на Управен Одбор – Генерален Директор, поднесе барање за издавање на Решение за именување на тело за оцена и потврда на постојаност на својствата.

ГИМ Сертификација, Градежен институт „Македонија“ - Скопје кон барањето се поднесени следните документи:

- Решение од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден број: 30120150024351 од 12.08.2016 година;

- Тековна состојба издадена од Централниот регистер на Република Македонија бр.0805-50/150120160048121 од 08.08.2016 година;

- Полиса за осигурување од професионална одговорност од дејност за техничко испитување и анализа на градежните производи бр. 6000410000175 со важност на осигурување до 18.02.2017 година од акционерско друштво за осигурување ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп - Скопје;

- Копии од обрасците М1/М2 за постојано вработениот стручен кадар: Илиевски Златко дипл.инг. хемија; Делиуланова-Нешовска Александра, дипл.град.инж; Ѓорѓиевски Зоран, м-р по технички науки; Пранговски Гоце, град.инж. за нискоградба; Лазарова Силвана, дипл.архитект; Далановиќ Мирјана, град.инж. по патишта и железници; Динов Зоран, град.инж; Петков Јордан, град.инж. по патишта и железници; Стамев Драган, град.инж. конструктивна насока; Метикош Дејан, град.инж. по патишта и железници; Арсовски Никола, град.инж. конструктивна насока; Ристовска Васка, дипл.технолог, базно органско и полимерно инжењерство;

- Извештај за биланс на состојба од Централен регистар на Република Македонија бр.0904-22/428 од 22.07.2016 година;

- Изјави за непристрасност, објективност и доверливост во работењето од Илиевски Златко дипл.инг. хемија; Делиуланова-Нешовска Александра, дипл.град.инж; Ѓорѓиевски Зоран, м-р по технички науки; Пранговски Гоце, град.инж. за нискоградба; Лазарова Силвана, дипл.архитект; Далановиќ Мирјана, град.инж. по патишта и железници; Динов Зоран, град.инж; Петков Јордан, град.инж. по патишта и железници; Стамев Драган, град.инж. конструктивна насока; Метикош Дејан, град.инж. по патишта и железници; Арсовски Никола, град.инж. конструктивна насока; Ристовска Васка, дипл.технолог, базно органско и полимерно инжењерство;

- Изјава од сопствениците дека телото, неговите органи за управување и кадарот кој е одговорен за извршување на задачи за трети лица во процесот на оцена и потврда на постојаноста на својствата не е и нема да биде проектант, одговорен инженер за надзор, производител, добавувач, монтер, купувач, сопственик, корисник или одржувач на градежните рпоизводи кои ги оценува, ниту овластен застапник,

- Сертификат за акредитација бр.СТ-010 за ГИМ Сертификација, Градежен институт „Македонија“ - Скопје е акредитиран од Институтот за акредитација на Република Македонија согласно барањата на стандардот МКС EN IZO/IEC 17065:2012. Прилог кон сертификатот за акредитација на тело за сертификација на производи е опсегот на акредитација.

ГИМ Сертификација, Градежен институт „Македонија“ - Скопје треба да го известува Министерството за економија условите од членот 35 ставите (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8,) (9), (10), (11,) (12), (13), (14) и (15) и член 41 од Законот за градежните производи, најдоцна 30 дена од денот на престанување на исполнување на условите.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

Поради напред наведеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Driton Kuqi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
СКОПЈЕ

ДОСТАВЕНО ДО:
- подносител на барањето
- архива

Изработил: Љубомир Митров
Контролирал: д-р Борка С.Герасимовска
Согласен: Блерим Златку
Одобрил: Анета Димовска